МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно член 23 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Одлуката за продажба на недвижни ствари бр. 42-6363/1 од 23.08.2016 година и Решението на министерот за одбрана бр. 19/2-22/63 од 06.09.2016 година, Комисијата за недвижни и движни ствари на Министерството за одбрана објавува

**ОБЈАВА бр.05/2016**
за продажба на недвижни ствари
по пат на електронско јавно наддавање

1. Предмет на продажба се недвижни – објекти кои се наоѓаат на КП 44 КО Бродец Доно Луково Поле, запишани во ИЛ 51, сопственост на Република Македонија, корисник Министерство и тоа:
   - објект бр. 1, влез 1, кат ПР, со површина од 299 м2;
   - објект бр. 2, влез 1, кат ПР, со површина од 141 м2;
   - објект бр. 3, влез 1, кат ПР, со површина од 35 м2.

2. Продажба на недвижните ствари ќе ја спроведе Комисијата за недвижни и движни ствари на Министерството за одбрана, формирана со Решение бр.02-4910/1 од 03.09.2015 година по пат на електронско јавно наддавање.
3. Јавното електронско наддавање ќе се изврши на интернет страницата **e-aukcii.finance.gov.mk** на **28.09.2016 година со почеток во 10.00 часот.**
4. Увидот на недвижните ствари – објекти, ќе се одржи на локацијата на објектите на ден 21.09.2016 во од 11.00 до 12.00 часот.
5. **Почетната вредност** за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на недвижните ствари, утврдена со проценка од страна на Бирото за судски вештачења – Скопје бр. СВ 5 број 12/16 од 07.06.2016 година и **износува 2.100.225,00 денари**.
6. Пријавувањето за учество на јавното наддавање се врши електронски на следната интернет адреса: **e-aukcii.finance.gov.mk.**

Право на учество на јавното електронско наддавање имаат сите домашни и странски физички и правни лица кои ќе достават:

- Пријава за учество,
- Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од **2%** од проценетата вредност на недвижните ствари, (во износ од 42.100 денари), со рок на важење 60 дена од издавањето во корист на Министерство за одбрана, трезорска сметка 100000000063095, сметка на МО 050010011663115, приходна шифра на Министерството за одбрана 725939, програма 22. Банкарската гаранција се доставува во оригинал во архивата на Министерството за одбрана со назнака за Комисија за недвижни и движни ствари на МО - Објава 5/2016.

- Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица или копија од лична карта за физички лица.

Документите се прикачуваат електронски на софтверот и тековната состојба да не биде постара од 6 (шест) месеци.

7. За учество на јавното наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават на системот до истекот на 10-от ден, сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата.

Комисијата на подносителите кои во системот за електронско јавно наддавање се пријавиле со комплет документи во прилог, наведени во точка 6 од објавата, во рок од три дена по истекот на времетраењето на објавата ќе им достави корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

8. Начин и постапка за спроведување на јавното наддавање:

- Јавното наддавање се спроведува во согласност со одредбите во член 26 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15 и 153/15).
- За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку еден учесник.
- За најповолен понудувач на јавното наддавање се смета учесникот кој понудил последна цена, која претставува највисока цена за недвижните ствари.
- Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, да уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана и понудувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната недвижна ствар.
- Носителот на правото на сопственост со најповолниот понудувач, ќе склучи договор за купопродажба во рок од 5 работни дена по извршената уплата на постигнатата крајна цена од наддавањето.
- Данокот на промет на недвижен имот и евентуалните нотарски трошоци за солемнизација на договорот ќе паднат на товар на купувачот.

9. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата во рок од 3 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот.

Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

За поблиски информации заинтересираните лица да се обратат до Министерството за одбрана, лице за контакт Елвин Ејуб тел. 02/328-2377 и 070-403-123.

Комисија за недвижни и движни ствари<br>на Министерство за одбрана